**ЗАПИСНИК**
**од дваесет и деветтата (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија одржана на 08.07.2019 година**

Претседателот на Советот на општина Гевгелија ја отвори седницата и најпрвин ја стави на гласање оправданоста на оваа вонредна седница и **Советот со 18 гласа за ја усвои .**

На дваесет и деветтата (вонредна) седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 18 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата присуствуваше: Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори дваесет и деветтата (вонредна) седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од дваесет и осмата (вонредна) седница оддржана на **27.06.2019.**

Претседателот го стави на гласање записникот од дваесет и осмата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на дваесет и деветтата (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Одпука за намера за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги - МСИП.

Претседателот на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 18 гласа "за" го усвои .**

**Точка 1. Предлог-Одпука за намера за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одпуката за намера за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП.

Во претресот по точката учествуваа:

**- Сашо Поцков градоначалник на општина Гевгелија**

Кога се зимат на заем пари од Светска банка пракса е да следува грант и тој грант следува на успешно реализирани проекти.Ние имаме две облигации со

Светска банка а една од нив е кредитот за водоснабдителен систем кој е веќе искористен . Структурата на цена на чинење на водоснабдителен систем е од 109 .000.000 денари од кои имаме 15.000.000 денари грант од други институции ,82.000.000 денари заем од Светска банка и останатиот дел беше од основниот буџет на општина Гевгелија.Финансовата конструкција во целост е измирена и на база на тоа на претходните седници носевме одлука за предавање на водоснабдителниот систем на управување на ЈПКД "Комуналец" а со тоа беа исполнети сите услови и ние аплициравме за грант.Секоја кредитна обврска спрема Светска банка која е повисока од 500.000 евра носи можност за грант од 5 % од висината на заемните кредитни средства.Секоја обврска спрема Светска банка која е кредитирена и е помалку од 500 000 евра носи можмост за грант од 10%.Во овој случај кај водоснабдителниот систем заемните средства се повеќе од 500 000 евра и носат можност за грант од 5% од сумата 82.000.000 денари а тоа е 4.173.571 денари и за тие пари е аплицирано.Сите технички документи се одобрени недостасува уште оваа одлука и кога ќе се донесе ќе се препрати до Скопје и ќе бидат комплетирани сите документи и во четврток нивниот Комитет за управување со проекти ќе ја разгледува оваа одлука .

**Ристо Камов член на Совет**

-Комисијата за статус и прописи заседаваше во полн состав и предлага членовите на советот да гласаат за ова точка бидејќи се исполнети сите услови од правен аспект.

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на **гласање Предлог-Одпуката за намера за користење грант средства од Проектот за подобрување на општински услуги – МСИП** и **Советот со 18 гласа "за " ја усвои.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори дваесет и деветтата (вонредна) седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**